

# СКОПСКО ЛЕТО 93

културно просветна заедница
на скопје

британски
совет

музеј на
современа уметност

Ве поканувааат на

## ИЗЛОЖБА на ФОТОГРАФИИ

на

# HELEN SEAR

ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

и

# МИЛАН АЛЕКСИЌ

британски совет Белград

06.07.1993, 12,00 час

музеј на
современа уметност

**ХЕЛЕН СИЕР** е познат Британски фотограф која дипломирала во Ридинг Универзитетот во 1979 година како најдобра во нејзината генерација. Своето образование го продолжила во Кардиовскиот Универзитет за уметност и дизајн каде специјализи рала фотографија, алтернативен медиј. Лондонскиот Универзитет препознавајќи ги нејзините способности и доделува докторат во 1983 година. Ангажманите како професор и гостин предавач во Девон Колеџ, Универзитетот во Каролина и Институтот во Саутха мптон и дава можност на Хелен Сиер да го пренесе стекнатото знаење. Периодот 1980 - 1993 е исполнет со 22 изложби во најразлични уметнички центри во светот како Лондон, Кардив, Антверп, Минхен, Нотингам, Филаделфија и Северна Каролина, САД. "*Креативна камера* ( *25 години* )" издадена во 1993 год. е нејзина единствена публикација. Досега има учествувано на четири семинари, одржани во Поинтер. Амстердам, Ливерпул и Велс. Плодната творечка работа на Хелен Сиер е наградувана со признанија повеќекратно од страна на Уметничкиот совет на Велика Британија, како и од Велскиот уметнички совет, Ридерс Дојџест и Британското училиште во Рим.



# МИЛАН АЛЕКСИЌ

**британски совет Белград**

*МИЛАН АЛЕКСИЌ* дипломирал на Белградскиот Универзитет историја на уметност, додека магистерската работа ( фотографија ) ја изведува на другата страна на светот во Корнел Универзитетот во САД. Се здобил со богато работно искуство во најразлични професии и земји, како наставник и "free lance" фотограф во Белград, кустос и член на совет во Флеатинг Галеријата во Канада и асистент во Корнел. Моментално дејствува како советник за култура во Британскиот совет во Белград. Самостојно изложувал во земјите каде професионално бил ангажиран. Користејќи ја својата позиција како кустос, тој ги зближил фотографските визии на Канада и САД со тие на Југославија, организирајќи изложби "*Современа југословенска фотографија*" во Корнел" и "*Сон за мир*" во Белград. Неговата активност во полето на фотографијата е одразена во бројните негови публикации. Владите на Канада, САД и Југославија ја препознаваат и наградуваат значајноста на неговата дејност.

